| Прилог бр. 3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Право на заштита на лични податоци** | | | |
| 2. | Код | 50835 | | | |
| 3. | Студиска програма | Односи со јавност | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје, Катедра по административно право и јавна администрација, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Трета година / шести семестар | 7. | Број на ЕКТС-кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф.д-р Ана Павловска-Данева<br>Проф.д-р Ивана Шумановска-Спасовска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / | | | |

10\. Цели на предметната програма (компетенции):

Оспособување на студентите да:

- Ги дефинираат и разберат поимите личен податок, обработка на личните податоци, профилирање, збирка на лични податоци, контролор, обработувач на збирка на лични податоци и други поими.
- Ја препознаат и анализирааат правната регулатива со која се уредува правото на заштита на лични податоци, организацијата и функционирањето на Агенцијата за заштита на лични податоци;
- Да осознаат да ги применуваат прописите за заштита на личните податоци
- Да ги согледаат основните надлежности на Агенцијата за заштита на лични податоци;
- Да направат разграничување помеѓу личен податок и информација од јавен карактер, да ги совладаат првите чекори на изготвување на поднесок за остварување на правото на заштита на личен податок, правни лекови во постапката, видови одлуки;
- Да ја изучат супервизијата над заштитата на личните податоци, која претставува системска и независна контрола над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци и нивната заштита во спроведувањето ма Законот за заштита на лични податоци и прописите донесени врз основа од овој закон
- Да го осознаат начинот на одговорност на Агенцијата и нејзината меѓусебна координација со други државни органи и органи на јавната администрација
- Да осознаат каде и како треба да се обратат доколку им биде злоупотребено правото на приватност или доколку им бидат злоупотребени нивните податоци

По завршување на оваа предметна програма студентите ќе можат самостојно да ги истражуваат прашањата од оваа проблематика како од теоретски аспект, така и од позитивно-правен аспект, но и ќе можат да ги применуваат во пракса.

Изучувањето на оваа програма може да им помогне и за идно врботување во органите на администрацијата на РМ, невладините организации, установи и сите институции во кои се решаваат предмети од административно правна природа.

11\. Содржина на предметната програма:

Во оваа наставна програма се изучува заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, основањето, статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | личните податоците, супервизијата над заштита на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.<br>Во рамките на предметот се изучува постапката за заштита од злоупотреба на личен податок. Конкретно, што претставува личен податок, кој има право да ги обработува личните податоци и за кои цели, кој врши контрола над органите доколку повредат личен податок и каква е улогата и значењето на Агенцијата за заштита на личните податоци. Во рамките на предметот се опфатени следните тематски содржини, појави, феномени и процеси, правото на заштита на личните податоци, значењето на заштитата на личните податоци во современото општество и во Република Северна Македонија. Историски преглед на правната рамка за заштита на личните податоци. Предмет на Законот за заштита на лични податоци. Обработка на лични податоци. Посебни категории лични податоци и обработка на истите. Овластено лице за заштита на личните податоци, односно офицер за заштита на личните податоци. Основање, организација, надлежности, задачи и овластувања на Агенцијата за заштита на личните податоци. Право на поднесување барање до Агенцијата. Право на ефективна судска заштита против одлуките на Агенцијата и право на ефективна судска заштита против контролор или обработувач. Воедно ќе се изучува и супервизијата над заштита на личните податоци и поведување на прекршочна постапка доколку при спроведувањето на супервизијата, супервизорот утврди повреда на законот за заштита на лични податоци. | | | |
| 12. | Методи на учење:<br>Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Наставата се состои од интерактивни предавања и вежби. Студентите во текот на наставата и вежбите ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии, поставување прашања, давање свои коментари на прочитаната литература, пишување истражувачки трудови и преку организирана тимска работа зададена. Наставата се изведува со помош на визуелни презентации и забележување на најбитните елементи на тематските единици на табла.<br>На студентите им се препорачува редовно следење на наставата и вежбите, како и нивна сериозна партиципација при нивното изведување која задолжително ќе биде земена предвид од страна на наставникот при финалното оценување. | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 120 часа | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 15 недели – 52,5 часа -теоретска настава и 67,5 часа домашно учење | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 52,5 часа/ 3,5 часа неделно |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 67,5 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 бода завршен испит/ устен испит | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | / | | |

| | | |
|---|---|---|
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | Закон за заштита на личните податоци | | („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21) |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | / | Водич за постигнување правичен баланс помеѓу правото на заштита на личните податоци и правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | Дирекција за заштита на личните податоци | 2018 |
| | | 2. | | Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation) | | |
| | | 3. | | Прирачник за европското законодавство за заштита на податоците | МАКАВЕЈ | Скопје, 2016 |
| | | | | Handbook on European data protection law | European Union Agency for Fundamental | 2018 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Rights and Council of Europe, 2018 | |
| | | | | The new EU Regulation on the protection of personal data: what does it mean for patients? A guide for patients and patients' organisations | EPF http://www.eu-patient.eu | |
| | | | Ramo Svrzo | Pravo na privatnost s posebnim osvrtom na internetsku društvenu mrežu facebook | http://medzlis-split.org/ images/izdanja pravo%20na% 20privatnost.pdf | |
| | | | Marija Boban | Pravo na privatnost i pravo na pristup informacijama u suvremenom informacijskom društvu | Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 49, 3/2012., str. 575.-598. | 2012 |